# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Во Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/21), во членот 2 став (1) се додава нова точка 76 ккоја гласи: „76. „Контролори за сурово млеко“ се лица ангажирани од страна на откупувачите и/или преработувачите на сурово млеко, кои земаат примероци за анализа на суровото млеко од примарните производители и кои поседуваат уверение за спроведена обука за земање примероци за анализа на сурово млеко“.

## Член 2

Во членот 126, ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Суровото млеко се класира во прва и втора класа според содржината на вкупниот број на микроорганизми и соматски клетки.

(2) Класирањето на сурово млеко се врши со земање и анализирање на примероци при откупот непосредно по молзењето, или со земање на примероци од чувано сурово млеко согласно со ставот (8) од овој член. Примероците за анализа на протеини и масти се земаат најмалку двапати месечно, а за вкупниот број на микроорганизми и соматски клетки согласно Законот за безбедност на храната и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот.“

Во ставот (3) зборот „класирање“ се заменува со зборот „анализа“, додека зборовите „овластена институција“ се заменуваат со зборовите „овластено правно лице“,

Во ставот (4) зборот „класирање“ се заменува со зборот „анализа“, додека зборот „стварно“ се заменува со зборот „реално“.

Ставот (6) се менува и гласи:

„(6) Вреднувањето на суровото млеко се врши по метод на вреднување врз основа на утврдениот процент на масти и протеини, како и утврдената класа на квалитет од ставот (1) на овој член.“.

Во ставот (8) се бришат зборовите „и супераназиза“.

## Член 3

Членот 126-а се менува и гласи:

„(Контролори)

Член 126-а

(1) Земање на примероци за анализа на суровото млеко вршат контролори кои имаат уверение за завршена обука за земање примероци.

(2) Обуката од ставот (1) на овој член ја изведува овластено правно лице најмалку два или повеќе пати годишно во зависност од бројот на поднесени барања за обука од страна на контролорите.

(3) Исклучок од став (2) на овој член во однос на минималниот број на одржани обуки може да има само во случај кога до овластеното правно лице нема ниту едно поднесено барање за обука.

(4) Контролорите по завршената обука од ставот (1) на овој член се стекнуваат со уверение за завршена обука за контролори за земање примероци за анализа на сурово млеко.

(5) Уверението од ставот (4) на овој член го издаваат овластените правни лица од членот 126-б.

(6) Обуката од ставот (2) на овој член се состои од два дела, и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се обучува кандидатот за законските и подзаконските акти поврзани со начинот на земање на примероци за анализа, водењето евиденција и пополнувањето на формуларите и

- втор дел (практичен дел), со кој се обучува кандидатот на лице место за правилно земање на примероци од сурово млеко и органолептичка контрола.

(7) Формата и содржината на уверрението од ставот (1) на овој член, како и начинот на вршење на обуката за земање примероци за анализа на суровото млеко ја пропишува министерот.“

Член 4

Членот 126-б се менува и гласи:

„(Овластено правно лице)

Член 126-б

(1) Правното лице од членот 126-а став (2) од овој закон го овластува Министерството.

(2) Правното лице за да биде овластено треба да ги исполнува најмалку следниве услови:

- да е наставно научна високообразовна институција од областа на биотехничките науки од подрачјата на истражување добиточно производство-сточарство, биотехнологија и ветеринарна медицина,

- да има вработено најмалку двајца доктори на науки од областа на биотехничките науки од подрачјата на истражување добиточно производство-сточарство, биотехнологија и ветеринарна медицина,

- да има донесено програма за вршење на обука за контролори за земање примероци за анализа на суровото млеко и

- да располага со простории со капацитет за најмалку 20 лица за одржување на обуките.

(3) Содржината на програмата од ставот (2) алинеја 3 на овој член ја пропишува министерот.“

Член 5

Членот 126-в се менува и гласи:

„(Барање и услови за контролори)

Член 126-в

(1) За посетување обука со цел стекнување со уверение за завршена обука за контролор, заинтересираното лице поднесува барање до овластеното правно лице од членот 126-б од овој закон.

(2) Кон барањето заинтересираното лице доставува доказ за завршено најмалку III степен средно образование.

(3) Овластеното правно лице е должно во рок од три дена да достави извештај за издадените уверенија до Министерството.

(4) Уверението за завршена обука за контролор за земање примероци на сурово млеко има важност од 4 години по кој период мора да се обнови.

(5) Контролорите за земање примероци на сурово млеко се должни да посетуваат дополнителни обуки во случај на измени во системот за вреднување и класирање на суровото млеко.“

Член 6

Во членот 126-г, во ставовите (1), (2) и (8), зборот „институции“ се заменува со зборовите „правни лица“.

Ставот (6) се менува и гласи:

„(6) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член како и потребната документација за исполнетоста на условите од членот 126-б од овој закон ги пропишува министерот.“

Во ставот (9), зборовите „овластената институција“ се заменуваат со зборовите „овластеното правно лице“.

Член 7

Се бришат членовите 126-д, 126-ѓ, 126-е, 126-ж, 126-з, 126-ѕ, 126-и, 126-ј, 126-к, 126-л, 126-м, 126-н, 126-њ, 126-о, 126-п, 126-р, 126-с, 126-т и 126-ќ.

Член 8

Во членот 126-ѕ ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Трошоците за спроведување на обуката од ставот (1) на член 126-а ги сносат откупувачите односно преработувачите кај кои се ангажирани кандидатите за контролори.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на реално направените трошоци за спроведување на обуката."

Се бришат ставоовите (3), (4), (5) и (6).

Член 9

Во членот 128 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Пастеризирано млеко е млеко кое се третира на начин кој вклучува:

- висока температура за кратко време (најмалку 72 °C за време од 15 секунди); или

- ниска температура за долго време (најмалку 63 °C за време од 30 минути); или

- било која друга комбинација на време и температура за да се постигне еднаков ефект, односно таков што млекото покажува, онаму каде е применливо, негативна реакција на фосфатаза тест веднаш по таквиот третман."

Член 10

Во членот 132, после ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Податоците од став (2) алинеја 3 од овој член се изразуваат во килограми, при што конверзцијата на волуменот на млекото од литри во килограми се врши со степен на конверзија каде еден литар млеко е еднаков на 1,03 килограми млеко."

Член 11

Во член 135 се додаваат два нови става (1) и (2) кои гласат:

„(1) Резултатите од спроведените анализи за квалитет на суровото млеко се внесуваат во интегриран систем за електронска евиденција кој особено содржи: РБО, идентификационен број на земен примерок, податоци за откупувач, лабораторија која го извршила испитувањето, користени методи на анализа, датум на земање на примерокот, датум на испитување, резултати итн.

(2) Пристапот и увидот во системот ќе биде персонализиран во зависност од ингеренциите и потребите на институциите, откупувачите, преработувачите, производителите, официјалните ветеринари итн."

Ставот (1) станува став (3).

Во ставот (2) кој сега станува став (4) бројката „3" се менува со бројот „1".

Во ставот (3) кој сега станува став (5) бројката „4" се менува со бројот „2".

Се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Видот, содржината, начинот на внесување на податоците и пристапот во интегрираниот електронски систем, ги пропишува министерот.“

Член 12

Во членот 137 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Контрола на квалитетот на млекото и производите од млеко се врши со анализа на земените примероци.“

Во ставот 3 се бришат зборовите „и суперанализа“.

Член 13

Во членот 138 ставот (3) се брише, а ставот (4) станува став (3).

Член 14

Во членот 139 став (8) се бришат зборовите „и суперанализи“.

Член 15

Во членот 140, во ставот (1) се брише точката на крајот од реченицата и притоа се додаваат зборовите „и безбедност на храна.“

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Овластената лабораторија за анализа на квалитетот на суровото млеко е должна добиените резултати во рок од три дена да ги внесе во интегрираниот систем.“

Се бришат ставовите (3), (4), (5) и (6).